# PREVENTION OF ALCOHOLISM ADDICTION, DRUG ADDICTION, SMOKING

**Daniela Dukovska**
Institute of Public Health, R. N. Macedonia, danieladukovska@yahoo.com

**Abstract**:Addictive diseases are a significant socio-medical problem with an ever-increasing number of addicts. from alcohol, drugs and nicotine. Addiction is a strong, occasionally disturbed desire or need to take substances, alcohol or cigarettes. Addiction to a substance can be mental or physical. The socio-medical significance of addictive diseases is due to high rates of morbidity and mortality. According to the WHO, alcoholism is a recurrence or episodic, intentional intake of alcohol. Alcohol abuse means daily, excessive and uncontrolled drinking. Alcohol has a destructive effect on all cells and tissues. Drug addiction is a condition of periodic or chronic intoxication of the body from taking drugs. A drug is any substance of plant or synthetic origin introduced into the body, which changes one or more functions, and leads to mental or physical dependence. Tobacco leaves are smoked crushed like cigarettes, in the form of cigars, in a pipe or hookah. Tobacco contains a strong neurotoxin, nicotine. Nicotine is absorbed in various quantities into the bloodstream, and tolerance and dependence develop. By definition, smoking is a psychological dependence caused by the action of nicotine on the central nervous system. Toxic ingredients in tobacco are: nicotine, tar, carbon monoxide. Cigarette smoking is a harmful habit that has been linked to respiratory problems and lung cancer. The aim of the paper is to perceive the situation and to show the trend of morbidity from the use of alcohol and narcotics among the population in the Republic of Northern Macedonia, as well as the trend of smoking among teenagers aged 13 to 15 in RS Macedonia. Alcoholism and drug morbidity are from the IPH - Institute of Public Health obtained from the neuropsychiatric departments at the general hospitals and centers for treatment of alcohol and drug addicts in RS Macedonia. The Global Tobacco Use Survey includes eighth- and ninth-grade students in elementary schools and freshmen in high schools. The morbidity rate per 10,000 inhabitants shows an increase of 4.3 in 2016. at 4.5 in 2017. The number of deaths from alcoholic psychosis increases from 9 in 2011 to 13 in 2014, and again decreases to 7 deaths in 2017.

The number of treated sick, drug addicts increased from 1644 in 2016 to 1897 in 2017 (by 15.4%). According to a global study by the RS Institute of Public Health. Macedonia for tobacco use among mothers, there is a decrease in smoking among teenagers from 13 to 15 years compared to previous years. Among adolescents from 13 to 15 years, the prevalence of tobacco smokers is 10.9 percent, ie 13.1% for boys and 8.4% for girls . Alcohol restriction reduces its use and related harm. It is necessary to strengthen control over the use of sedatives and tranquilizers with team approach, especially in the female population of young people. WHO calls on countries to speed up efforts to control tobacco, in accordance with their contracts Agenda for Sustainable Development 2030.
**Keywords:** abuse, drinking, cirrhosis, cocaine, marijuana, nicotine, smoke, cigarettes

# ПРЕВЕНЦИЈА НА ЗАВИСНОСТИ ОД АЛКОХОЛИЗАМ, НАРКОМАНИЈА, ПУШЕЊЕ

**Даниела Дуковска**
Институт за Јавно Здравје, Р.С.Македонија, danieladukovska@yahoo.com

**Резиме:**Болестите на зависност претставуваат значаен социјално-медицински проблем со постојано зголемување на бројот на зависници. од алкохол,дроги и никотин. .Зависност е силна, повремено пореметена желба или потреба за земање на супстанции, алкохол или цигари.. Зависноста од некоја супстанца може да биде психичка  или физичка. Социјално-медицинското значење на болестите на зависност се должи на високи стапки на морбидитет и морталитет. Според СЗО алкохолизмот претставува повторно или епизодно ,намерно внесување на алкохол.,.Под злоупотреба на алкохолни пијалоци се подразбира секојдневно,неумерено и неконтролирано пиење. Алкохолот делува деструктивно на сите клетки и ткива.Наркоманијата претставува состојба на периодична или хронична интоксикација на организмот од земање дрога. Дрога е секоја супстанца од растително или синтетско потекло внесена во организмот, која променува една или повеќе функции, и доведува психичка или физичка зависност. Тутуновите листовисе пушат дробени како цигари, ,во облик на пури, ,во луле или наргиле. Тутунот содржи силен невротоксин, никотин..Никотинот се абсорбира во разни количества во крвотокот, и доаѓа до развивање на толеранција и зависност.По дефиниција пушењето претставува психичка зависност која е предизвикана од дејството на никотинот врз централниот нервен систем.Отровни состојки во тутунот се: никотин, катран, јаглен

моноксид.Пушењето цигари е штетна навика која се поврзуваасо проблемите во дишните органи и појавата на рак на белите дробови. Целта на трудот е да се согледа состојбата и да се прикаже трендот ``на морбидитетот од употребата на алкохол и опојни дроги меѓу населението во Република Северна Македонија, како и трендот на пушењето кај тинејџерите од 13 до 15 години во Р.С.Македонија.Податоците за морбидитет од алкохолизам и дроги се земени од ИЈЗ- Институт за јавно здравје, добиени од невропсихијатриските одделенија при општите болници и центрите за лекување на зависниците од алкохол и дроги во Р.С.Македонија. Глобалното истражување за употреба на тутунвклучува ученици од осмо и деветто одделение во основните училишта и прва година во средните училишта. Стапката на морбидитет на 10000 жители покажува зголемување од 4.3 во 2016г. на 4.5 во 2017г. Бројот на умрени од алкохолна психоза се зголемува од 9 во 2011 на 13 во 2014, и пак опаѓа на 7 починати во 2017 година.

Бројот на лекувани болни, зависници од дрога се зголемил од 1644 во 2016 на 1897 во 2017 година (за 15,4%). Според глобалното истражување на Институтот за јавно здравје на Р.С. Македонија за употреба на тутун кај мадите забележано е намалување на пушењето кај тинејџерите од 13 до 15 години во однос на минатите години.Кај адолесцентите од 13 до 15 години преваленцата на пушачи на тутун е 10.9 проценти односно 13.1% кај момчињата и 8.4% кај девојчињата.Со ограничување на алкохолот се намалува неговото користење и штетата поврзана со него Потребно е да се зајакне контролата при употреба на седативи и транквилизери со тимски пристапособено кај женската популација на млади.СЗО ги повикува земјите приоритетно да ги забрзаат напорите за контрола на тутунот,согласно нивните договори Агендата за одржлив развој 2030.

**Клучнизборови:** злоупотреба, пиење, цироза на црн дроб, кокаин,марихуана, никотин, чад, цигари

## 1.ВОВЕД

Болестите на зависност претставуваат значаен социјално-медицински проблем поради зголемување на бројот на зависници, поместување на возраста на зависносниците кон помладите возрасни групи, долготрајното и скапо лекување и сериозни последици по здравјето и животот на човекот, особено кај младата популација. Од особено значење се алкохолизмот, наркоманијата и никотинизмот .Почетоците на употреба на тутун, алкохол и опојни дроги се најчесто во адолесцентниотпериод на личноста. Периодот на адолесценција опфаќа бројни физички ипсихични промени. Тоа е време кога младите често прифаќаат доживотни навики и ставови за здравјето.

Под злоупотреба на алкохолни пијалоци се подразбира секојдневно,неумерено и неконтролирано пиење (најчесто жестоки пијалоци), поради што настанува облик на зависност и појава на алкохолизам како болест со последици. Здравствено-воспитните активности се насочени за стекнување знаење за штетноста од неконтролираното внесување алкохолни пијалоци врз здравјето и однесувањето на луѓето и за стекнување соодветни позитивни ставови и однесување.Алкохолот делува деструктивно на сите клетки и ткива директно, и индиректно ,предизвикува метаболички нарушувања на шеќерите, протеините, липидите, а особено на витамините од групата Б.Злоупотребата на алкохол предизвикува промени во црниот дроб, желудникот гастритис или чир на желудник. Исто така, постои можност за масна инфилтрација на срцето, миокардна фиброза, кардиомиопатија, полиневропатија, оштетување. Консумацијата на алкохол денес не е само појава кај возрасните лица, туку и кај младите луѓе чиј број од ден на ден станува се поголем.

Наркоманијата е значаен социомедицински проблем(Донев Д. и сор., 2014).Таа е многу раширена и зафаќа се помлада популација, предизвикувајќи многубројни последици (предозираност и смрт, тешко и скапо лекување со слаби резултати, а има и мал број на институции за третман на зависниците). Според Светската здравствена организација (World Healt Organization, 2019) психоактивните дроги се супстанции кои, кога се внесуваат или се администрираат во нечиј организам, влијаат на менталните процеси, на пр. перцепција, свест, сознание или расположение и емоции. Тутунотсодржи силен невротоксин, никотин. Со било кој начин на користење на тутун никотинот се абсорбира во разни количества во крвотокот на конзументот и со време доаѓа до развивање на толеранција и зависност.Тутунот содржимногу отровни состојки: никотин, катран, јаглен моноксид во чадот и уште многу други кои се создаваат при согорување на тутунот, хартијата и додатоците. Последиците од пушењето цигари врз поединецот и заедницата се забележуваат преку нарушување на здравјето (бронхити, малигни неоплазми, појава на главоболки, вртоглавица и смалена концентрација), зголемено отсуство од работа, влијание врз работната способност,неодлучност, проблеми во сообраќајот, повреди и инвалидност, намален век на живеење и др.Здравствено воспитната работа има за цел спроведување на организирани превентивни мерки против пушењето, особено кај училишните деца и младинци и мерки за намалување на пушењето кај оние кои веќе пушат цигари. Со цел што поуспешно да се спроведат потребните мерки, (WHO Framework Convention on Tobacco Control, 2019)направен е меѓународен договор помеѓу 180 странки , односно, 179 земји и Европската Унија.

### 2. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ НА РАБОТА

Податоците за морбидитет од алкохолизам и droги се обезбедени од Институтот за јавно здравје,од невропсихијатриските одделенија при општите болници и центрите за третман и лекување на зависниците од алкохол и дроги во Р.С.Македонија.Применет е дескриптивниот епидемиолошки метод на работа.Глобалното истражување за употреба на тутун кај младите вклучува ученици од осмо и деветто одделение во основните училишта и прва година во средните училишта. Користена е стандардизирана методологија за конструирање на рамки напримероци, селекција на училишта и одделенија, подготвување прашалници и спроведување теренското истражување во училиштата, како и обработување на податоците.

### 3. РЕЗУЛТАТИ

Во Република Македонија бројот на лекувани болни од алкохолизам се зголемува(за 5,7%во 2017во однос на 2016) од 892 во 2016 на 943 регистрирани случаи во 2017 година.Во однос на полот, мажите се повеќе застапени од жените (88,1%се мажи,а 11,9% се жени во 2016г. и 86,1% се мажи, а 13,9% се жени во 2017 година).Бројот на умрени од алкохолна психоза се зголемува од 9 во 2011 на 13 во 2014, а потоа пак опаѓа на 7 починати во 2017 година.Бројот на умрени од алкохолна цироза исто така се зголемува од 19 во 2011 на 31 во 2014 и 28 починати лица во 2017 година.

***Табела 1.Умрени лица од болести поврзани со алкохолизмот во Република Македонија, 2009-2017***

| | МКБ-10 | Случаи во 2009 | Случаи во 2010 | Случаи во 2011 | Случаи во 2012 | Случаи во 2013 | Случаи во 2014 | Случаи во 2015 | Случаи во 2016 | Случаи во 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Алкохолна психоза | F10 | 8 | 14 | 9 | 8 | 12 | 13 | 7 | 3 | 7 |
| Алкохолна цироза | К70 | 24 | 21 | 19 | 25 | 30 | 31 | 23 | 26 | 28 |
| Вкупно | | 32 | 35 | 28 | 33 | 42 | 44 | 30 | 29 | 35 |

Бројот на лекувани болни, зависници од дрога, се зголемил од 1644 во 2016 на 1897 во 2017 година (за 15,4%).Стапката на морбидитет на 10000 жители се зголемила од 7,9% во 2016 на 9,1% во 2017 година.Структурата според пол покажува значајна разлика во зачестеност на појавата на зависници од дрога кај лекуваните од машкиот во однос на женскиот пол во двете анализирани години (90,6% се мажи, а 9,4% се жени во 2016год. и 88,7% се мажи, а 11,3% се жени во 2017 година).Спредвозрасни групи, најголем број лекувани болни зависници од дрога и во болниците и во центрите, се регистрирани во возрасната група од 20-34год. Најупотребувана дрога е хероинот, со над 99% застапеност од вкупно третираните во однос на канабисот, во двете анализирани години.Кај адолесцентите од 13 до 15 год.преваленцата на пушачи на тутун е 10.9 проценти односно 13.1% кај момчињата и 8.4% кај девојчињата. Постои намалување на употребата на цигари од 9.8% во 2008 год. на 7,6 % во 2016 година.

### 4. ДИСКУСИЈА

Злоупотребата на алкохол и психоактивни супстанции често води кон појава на алкохолизам и наркоманија.И алкохолизмот и наркоманијата водат кон нарушување на однесувањето не само кај оној кој користи алкохол и дроги но и на целото негово семејство (Ќосевска Е. &Стамболиева В.,2018). Според анлизата на возрасни групи, најголем бројна лекувани зависници од дрога и во болниците и во центрите во нашата земја, се регистрирани во возрасната група од 20-34години. Според тип на најупотребувана дрога е хероинот, и тоа со над 99% застапеност од вкупно третираните во однос на канабисот, во двете анализирани години.

Според истражувањето за употреба на тутун кај мадите во Р.С. Македонија(Ќосевска Е. &Стоицовска Лековска Т., 2016) забележан е позитивен тренд во однос на намалување на пушењето кај тинејџерите од 13 до 15 години во однос на минатите години.Во однос пак на консумирањето на алкохол, регистрираме зголемен број на лекувани болни од алкохолизам за 5,7%во 2017во однос на 2016 година.

Во САД било спроведено истражување за употребата на алкохолот и навиката за пушење (Richard Aet all., 2006) во периодот 2002-2004 година, при што биле вклучени и анализирани 74836 испитаници на возраст од 12 до 20 години. Преваленцата на пушачите изнесувала 16%, а најзастапени биле најмладите возрасни групи. Алкохол значајно повеќе консумирале пушачите во однос на непушачите. Нарушување на здравјето

било значајно повеќе регистрирано кај пушачите кои пијат алкохол, во однос на непушачите кои консумираат исти количини на алкохол. Во 2016 година во Етиопија е спроведено истражување (S.Getachewet al., 2019) во кое биле вклучени вкупно 3967 ученици од средни училишта во урбани и рурални средини, на возраст од 13-19 години.Осум проценти од испитаниците потврдиле дека пушеле во претходните години, а 3% потврдиле дека се активни пушачи. Во однос на алкохолот, 29% од испитаниците потврдиле дека пробале и повремено пијат алкохол, а 14% дека консумираат алкохол многу често.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Злоупотребата на алкохолот и алкохолните пијалоци има важна улога во настанување на општественонегативни појави како што се голем број на кривични дела, нарушувања на јавниот ред и мир, повредина работното место, сообраќајни незгоди и сл. Освен тоа, морбидитетот и мотрталитетотпредизвикани од големаконсумација на алкохол доведуваат до значајни медицинскипроблеми.Потребно е да се зајакне контролата при употреба на седативи и транквилизери со тимски пристап на лекари наставници ,психолози и родители особено кај женската популација на млади.Во последните години се забележува пософистициран пристап на превенција и лекување, со пошироко прифаќање на лекувањето,со замени за дрога за лицата кои што се зависници од дрога.Доказите покажуваат дека побогатите општестваkои можат да си дозволат пошироки мрежи на служби за корисниците на дроги, можат да го намалат ризичното однесување на зависниците кое директно го негативно влијае врз здравјето, како и ограничување на антисоцијалната и криминалната активност меѓу корисниците на дрога.Секојдневното пушење на тутун и производи од тутун доведува до зависност,па може да се зборува и за никотинска наркоманија која е најмалку опасна меѓу токсикоманиите,но не е безазлена со оглед на сите ризици по здравјето на луѓето.Пушењето на цигари ја влошува како здравствената така и економската состојба на поединецот кој пуши и на неговото семејството.Со развојот на кардиоваскуларни,белодробни и други болести што се јавуваат како резултат на пушење на цигари се намалува квалитатот на живот на поединецот и семејството. Потребна е стручна помош изголемување на здравствено воспитни активности,како и спроведување на организирани превентивни мерки против пушењето особено кај училишните деца и младинци.Со тоа се очекува намалување на бројот на новорегистрирани пушачи кај помладата популација и одвикнување од пушење или намалување на бројот на цигари кај оние кои веќе пушат.

## ЛИТЕРАТУРА

Донев, Д., Мирчевска, Л., Велковски, З., Ќосевска, Е., Стојановска, В., Глигоров, И., & Ризова, Е. (2014). Промоција на здравјето и здравствено воспитание. Универзитет „Св.Кирил и Методиј“-Скопје,Здравствено воспитание во превенција и сузбивање на болестите на зависност, 320-325.

Ќосевска, Е., & Стамболиева, В. (2018). Информација за состојбата со болестите на зависност во Република Македонија. 2016-2017.Скопје. Институт за јавно здравје на Република Македонија,Скопје

Ќосевска, Е., & Стоицовска Лековска, Т. (2016). Извештај за глобалното истражување за употреба на тутунот кај младите во Република Македонија. 2016 година. Скопје. Институт за јавно здравје на Република Македонија,Скопје,2016.

Getachew, S., Lewis, S., Britton, J., Deressa, W., Fogarty, A.W. (2019). Prevalence and risk factors for initiating tobacco and alcohol consumption in adolescents living in urban and rural Ethiopia.Public Health, Volume 174, Pages 118-126.

Grucza, A. R., & Bierut, J.L. (2006). Cigarette Smoking and the Risk for Alcohol Use Disorders Among Adolescent Drinkers,Alcohol Clin Exp Res. 30(12): 2046–2054. (ISSN 1530-0277)

WHO (2019). Framework Convention on Tobacco Control, 2019, https://www.who.int/fctc/text_download/en/

World Health Organization, (2019). https://www.who.int/